## Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

## Извадок на дел од дневни настани 01.09.2019

На 31.08.2019 во 21.40 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул.„1596", кај мостот кој води кон парк Сарај, ги привеле С.О.(21), М.Е.(20), И.А.(23) и Ш.С.(23) сите од Скопје, затоа што кај нив била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против О.С.(39) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанци и прекурсори". На 20.03.2019 околу 20.00 часот на ул.„Иво Лола Рибар" во Куманово, полициски службеници при преглед на патничко возило „форд мондео" со кумановски регистарски ознаки, управувано од пријавениот, пронашле и одзеле амфетамини и марихуана.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Г.Н.(40) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанци и прекурсори". На 04.03.2019, полициски службеници при претрес во домот на пријавениот на ул.„Христо Ботев" во Битола, пронашле и одзеле метадон.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против В.С.(22) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 26.08.2019 во с.Здуње, гостиварско, при преглед на лица и патничко моторно возило „ауди А6", полициски службеници пронашле и одзеле марихуана.

На 31.08.2019 во 15.50 часот било пријавено дека на локалниот пат Македонска Каменица - с.Тодоровци, кај местото викано „Ѓурѓина ливада" се случила сообраќајна незгода помеѓу трактор „фергусон" со делчевски регистарски ознаки управуван од К.М.(22) и мотоцикл управуван од М.Ј.(64), и двајцата од с.Тодоровци, М.Каменица. Во незгодата моторциклистот се здобил со тешки телесни повреди и бил пренесен во Клинички центар Штип. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициската станица Делчево.

На 31.08.2019 во 21.00 часот било пријавено дека на магистралниот пат Охрид – Кичево, кај Копачка, С.Р.(59) од Тетово управувајќи патничко моторно возило „пасат" со тетовски регистарски ознаки, изгубил контрола и излетал од коловозот. Во незгодата со телесни повреди се здобил возачот, а со тешки телесни повреди се здобила сопатничката С.А.(62), по што биле пренесени во Медицинскиот центар Кичево. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициската станица Кичево.

На 31.08.2019 во 15.30 часот во Полициската станица Гази Баба, М.Б.(31) од Скопје пријавил дека бул.„Александар Македонски" бил каснат од куче скитник во пределот на десната подлактица.

На 01.09.2019 во ПС Битола е повикан Ж.А. (47), за кој е пријавено дека на 31.08.2019 околу 15.30 часот за време на свадбена свеченост на неговата ќерка пукал од пиштол. З.А. изјавил дека пукал од сигнален пиштол, кој го поседувал без дозвола. Пиштолот е одземен и во координација со ОЈО ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 31.08.2019 во 20.40 часот било пријавено дека на тераса на детска хематологија при Комплексот клиники „Мајка Тереза" настанал пожар. Околу 21.10 часот од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје, пожарот бил целосно изгаснат. Во пожарот нема повредени лица.

Денеска во 03.55 часот во СВР Тетово пријавено е дека во Гостивар во стан на ул. Илинденска има повредени лица со повреди од остар предмет. Веднаш се упатени полициски службеници и констатирано е дека повредени се С.Т. (78), Б.Р. (60) и С.Р (54) кои биле пренесени во Медицински центар Гостивар за укажување на помош, каде С.Т. починала. Во врска со случајот приведен е Ѓ.Д. (46) од Гостивар. Под раководство на јавен обвинител се работи на расчистување на случајот.

На 01.09.2019 во 03.30 часот било пријавено дека во Виница на бул.„Маршал Тито" настанал пожар во силос во фабрика. Од екипи на Територијалните противпожарни единици Виница и Кочани се преземаат мерки за гаснење на пожарот. Повредени лица нема.

На 01.09.2019 во 10.40 часот било пријавено дека во атарот на с.Рапеш-Мариово додека Б.Т. и неговата сопруга Ш.Т.(49) се превезувале со трактор со приколка, приколката се превртела, при што Ш.Т. починала на местото на настанот. Известен е јавен обвинител.

На 31.08.2019 година околу 10.20 часот во Медицинскиот центар Гостивар бил донесен З.С. (42) од с.Падалиште, гостиварско. Имено, според пријавеното, околу 08.30 часот додека сечел дрва со моторна пила во атар на с.Ќафа, гостиварско, тој се здобил со повреди. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од Полициската станица Гостивар.

На 01.09.2019 во 06.00 часот Д.К.(47) од Скопје пријавил дека околу 03.00 часот на ул. „Мајаковски" бил физички нападнат од 17-годишен малолетник и А.Ѓ.(45) од Скопје. Според пријавеното, причина била претходна меѓусебна расправија во врска со недоразбирање околу сообраќајот. Сочинети се записници за констатирани прекршоци по чл.11 и чл.12 од ЗППЈРМ.

На 31.08.2019 во 21.30 часот било пријавено дека на ул.„ Димитрие Чуповски" по претходна расправија бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка помеѓу Ј.Р.(18) и 17-годишен малолетник, од една страна, и И.А.(18) и Б.Р.(19), од друга страна, сите од Скопје. Сочинети се записници по чл.11 од ЗППЈРМ.

На 31.08.2019 во 15.20 часот Ј.Д.(19) од Крива Паланка пријавил дека на ул.„Лондонска", над ветробранското стакло од неговото возило „голф", забележал залутано зрно. Извршен бил увид.

На 31.08.2019 во 19.30 часот било пријавено дека на ул.„Волт Дизни" по претходна вербална расправија околу нарушени меѓусоседски односи бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка помеѓу А.Н.(33), Ѓ.Б.(43) од една страна, и Р.Џ.(31), Р.Н.(36), од друга страна. Во 21.30 часот било пријавено дека на истата улица повторно бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка меѓу членови на истите семејства односно помеѓу Б.Н.(45), Ѓ.Б.(43) и Б.Е.(21), од една страна, и Р.Џ.(31) и Р.Ф.(50), од друга. Против нив ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 31.08.2019 во 20.00 часот било пријавено дека во с.Топлица настанал пожар при што опожарена била плевна во сопственост на А.В.(46) од с.Топлица. Во 22.30 часот од екипа на Територијалната противпожарна единица Гостивар пожарот бил изгаснат. Извршен е увид.

На 01.09.2019 во 03.35 часот во Тетово на ул.„Маршал Тито", пред угостителски објект, С.Ј. (26) од Тетово со патничко моторно возило „мерцедес" со тетовски регистарски ознаки, удрил во три лица на возраст од 18 години, со кои претходно се расправал. Тројцата биле пренесени во Клиничката болница Тетово, каде им биле констатирани телесни повреди. Во 04.45 часот С.Ј. и сопатничката А.М.(23) од Тетово биле пронајдени од полициски службеници на ул.„Кузман Јосифовски Питу" и приведени. При приведувањето А.М., која била под дејство на алкохол, нападнала полициски службеник. Известен е јавен обвинител и по документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 31.08.2019 во 21.40 часот било пријавено дека во угостителски објект во Охрид, И.С.(39) од Валандово физички ја нападнал И.Д.(30) од Скопје вработена во објектот. И.С. бил приведен и сочинет бил записник за констатиран прекршок по чл. 12 од ЗППЈРМ.

На 31.08.2019 во 20.40 часот А.И.(36) од Скопје пријавил дека на езерото „Треска", во с.Сарај, скопско, бил погоден во левата нога од залутано зрно. На А.И. му била укажана лекарска помош во Градската општа болница „8-ми Септември", каде му била констатирана телесна повреда. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 31.08.2019 во 07.30 часот било пријавено дека во с.Полаки, кочанско, во опожарено патничко моторно возило „застава југо“ со штипски регистарски ознаки, бил пронајден починат Т.К.(49) од Кочани. Извршен е увид и телото по наредба на јавен обвинител на починатиот било предадено на обдукција.

На 01.09.2019 околу 02,00 часот во Полициската станица Гази Баба Д.И.(36) од Скопје пријавил дека на улицата "520" во населбата Керамидница неговите соседи го нарушиле јавниот ред и мир со пуштање гласна музика и кршење чаши и шишиња на улицата. Од полициски службеници било излезено на местото на настанот и приведени биле четири лица, кои биле под дејство на алкохол и продолжиле со нарушување на јавниот ред и мир. Против нив се поднесени соодветни пријави и околу 06,30 часот биле пуштени да си одат. Околу 12,00 часот во дворот на Д.И. дошле две лица (негови соседи) кои ја турнале В.И.(66) мајка на Д.И. и се обиделе да го нападнат Д.И., но не успеале во намерата. Се работи на расчистување на случајот.


## МИНИСТЕРСТВО

» Министер (/profilepage/minister)

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

## АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ

» Сообраќај (/analizistatistiki/soobrakjaj)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

## ИНСТИТУЦИИ

» Влада

инте
» Претседател

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

## ОСТАНАТИ ЛИНКОВИ

» Фото галерија (/foto-galerii)

» Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)


Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)